# З А К О Н
# ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА
# Редакциски пречистен текст [1]

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## 1. Предмет на уредување

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола кој го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, воспоставен согласно со меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија, како и условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(2) Со овој закон се уредуваат и организацијата, стандардите, методологијата, односите и одговорностите, како и надлежностите на министерот за финансии и на консултативните тела за јавна внатрешна финансиска контрола.

## 2. Координација на системот за јавна внатрешна финансиска контрола

### Член 2

(1) Министерот за финансии е надлежен за координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, а во негово име Централната единица за хармонизација на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии (во натамошниот текст: Централната единица за хармонизација).

(2) Координацијата од ставот (1) на овој член министерот за финансии ја врши преку:

- хармонизација и надзор на финансиското управување и контрола,
- хармонизација и надзор на внатрешната ревизија и
- подготвување и донесување на подзаконски акти, прирачници и насоки.

## 3. Дефиниции

### Член 3

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Јавни средства се сите наплатени, примени, стекнати, доделени и потрошени средства од субјектите од јавниот сектор, вклучувајќи ги и буџетските приходи, побарувања, расходи и субвенции;

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен евсник на РМ“ бр.90/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.188/13 , Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.192/15 и Одлука на Уставниот суд на РМ У. бр.64/2016, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.147/17, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

2. Субјекти од јавниот сектор се корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер;

3. Финансиско управување и контрола е систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот, со цел да се обезбеди разумно уверување дека целите на субјектот се остварени;

4. Разумно уверување е задоволително ниво на доверба за определено прашање земајќи ги предвид трошоците, придобивките и ризиците;

5. Одговорни лица за финансиско управување и контрола се раководителот на субјектот и раководителите на подредените организациони единици во субјектот;

6. Финансиски контролор е лице овластено во субјектот за проверка на законитоста и правилноста на предложените финансиски одлуки, како и нивно одобрување или оспорување, земајќи ги предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност;

7. Ex-ante финансиска контрола е процедура со која се обезбедува финансиската обврска да не биде преземена и расходот да не биде платен без претходно одобрување од службено лице хиерархиски независно од лицето овластено за преземање на финансиски обврски и лицето овластено за плаќање;

8. Овластено лице за преземање финансиски обврски е овластено службено лице кое може да презема финансиски обврски;

9. Овластено лице за плаќање е овластеното службено лице кое може да издава наредба за плаќање;

10. Ex-post финансиска контрола е процедура која се спроведува кај субјектот со која се обезбедува финансиските трансакции во форма на обврски, расходи или приходи, да бидат проверени, откако трансакцијата ќе биде целосно завршена;

11. Стабилно финансиско управување и контрола е транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства;

12. Економичност е минимизирање на употребените ресурси за постигнување на планираните цели или резултати на одредена активност, имајќи го предвид определениот квалитет на тие ефекти или резултати;

13. Ефективност е степенот до кој се постигнати целите на одредена активност или односот меѓу планираниот ефект и вистинскиот ефект на определена активност;

14. Ефикасност е максимирање на ефектите или резултати од одредена активност соодветно на вложените средства;

15. Ревизорска трага е документиран тек на финансиските и други трансакции од нивниот почеток до крај, со цел за овозможување реконструкција на сите одделни активности и нивно одобрување и ги опфаќа системите на документирање, известување, сметководство и архивирање;

16. Благајник е овластеното службено лице задолжено за исплата и примање на готовина;

17. Овластување е право за донесување одлуки во име на давателот на овластување и може да биде генерално и посебно;

18. Генерално овластување е давање овластување за спроведување на целосната надлежност за која е одговорен давателот на овластувањето;

19. Посебно овластување е овластување кое се дава за определен случај;

20. Подовластување е одобрување примателот на овластувањето да го пренесе целосно или делумно применото овластување на раководителот на основните организациони единици кои се под негова директна одговорност;

21. Давател на овластување е раководителот на субјектот, кој дава овластување.

22. Примател на овластување е лице кое примило овластување од давателот на овластување заради одлучување и преземање дејствија во негово име;

23. Финансиска обврска е обврска за плаќање изразена во пари, материјални средства, имот или права;

24. Ризик е веројатноста од случување на настан со негативно влијание на остварувањето на целите на субјектот;

25. Управување со ризик е процес на утврдување и оцена на внатрешните и надворешните ризици кои може негативно да влијаат на исполнувањето на целите на субјектот и спроведување на потребните контроли со цел за изложеноста на ризик да биде на прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво;

26. Контрола се сите активности преземени со цел да се избегнат или намалат ризиците;

27. Мисија е главна причина за постоење и работење на субјектот, а се состои од област на работење, вредности и цели кои се сака да се остварат;

28. Надзор (супервизија) е управувачка одговорност која на субјектите им помага во остварувањето на целите, доработка, преглед и одобрување на работите, јасна поделба на должностите и одговорностите доделени на секој вработен, системски преглед на извршување на работите на секој вработен до потребно ниво и одобрување на извршување на работите во битните делови со што се обезбедува извршување на планираните работи;

29. Основни финансиски извештаи се биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот (попис на капиталниот имот), биланс за задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи;

30. Внатрешна ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето;

31. Ревизија на системите за внатрешна контрола е темелна процена на функционирањето на системите за внатрешна контрола;

32. Ревизија на успешноста во работењето (извршувањето) е процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми;

33. Финансиска ревизија е проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;

34. Ревизија на усогласеност (регуларност) е процена дали работењето е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти што се во сила;

35. ИТ ревизија е темелна процена на работењето на информативно технолошките системи;

36. Независност на внатрешната ревизија е непостоење на услови кои ја загрозуваат објективноста;

37. Објективност во внатрешната ревизија е однесување без предрасуди, кое не се базира на расудувањето на други;

38. Компетентност во внатрешната ревизија е поседување на релевантни знаења и вештини;

39. Професионалност во внатрешната ревизија е примена на грижлив однос и вештини на внимателно и компетентно службено лице;

40. Интегритет во внатрешната ревизија е свесно неучествување во нелегална активност или не преземање активности кои ја дискредитираат професијата внатрешен ревизор или субјектот;

41. Доверливост во внатрешната ревизија е почитување на вредноста и сопственоста на информацијата која не треба да се открива без овластување, освен во случаите на законска или професионална обврска;

42. Сомнеж за измама е преземено или непреземено дејство од кое оправдано може да се донесе заклучок за намерно или погрешно презентирање на материјалните или финансиските факти;

43. Етички кодекс на внатрешните ревизори е Етичкиот кодекс на Институтот за внатрешни ревизори;

44. Повелба за внатрешната ревизија е интерен акт потпишан од раководителот на единицата за внатрешна ревизија и раководителот на субјектот со која се воспоставуваат целите, овластувањата и одговорностите на внатрешната ревизија;

45. Меѓународни стандарди за внатрешна ревизија се Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија (International Standards for the Professional Practice of Internal Audit) на Институтот на внатрешни ревизори (The Institute of Internal Auditors, USA/IA, Inc.) и

46. Меѓународни стандарди за ревизија се стандардите на Меѓународната федерација на сметководители (International Federation of Accountants/ IFAC/).

## II. ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

### 1. Опфат на финансиското управување и контрола

**Член 4**

Финансиско управување и контрола согласно со овој закон се воспоставува кај буџетските корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт), фондовите, општините и градот Скопје (во натамошниот текст: субјекти).

**Член 5**

(1) Финансиското управување и контрола на субјектот ги опфаќа финансиските процеси на планирање, извршување, мониторинг и известување за:

- прибирањето на приходите утврдени во буџетот,
- управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот и

- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба.

(2) Финансиското управување и контрола треба да се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа на субјектот и ги опфаќа сите средства на субјектот, вклучувајќи ги средствата од Европската унија и од други извори.

(3) Системот за финансиско управување и контрола треба постојано да се проценува и развива заради ефикасно остварување на мисијата и целите на субјектот.

## 2. Цел на финансиското управување и контрола

### Член 6

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следниве општи цели:

- вршење на работите на правилен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин,
- усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките,
- заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, неоправдано трошење и користење, како и од неправилности и злоупотреби,
- јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите,
- правилно евидентирање на финансиските трансакции и
- навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето.

## 3. Одговорност и отчетност на раководителот на субјектот

### Член 7

(1) Раководителот на субјектот е одговорен за:

- подготвувањето на буџетот, извршување на буџетот и известување за буџетот на субјектот со кој раководи,
- финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во сите организациони структури, програми, операции и процеси, раководени од него,
- контрола на водење на сметководството, преземање на финансиски обврски и извршување на плаќањата, прибирање на приходите и заштита на средствата и обврските,
- постојана процена на системот за финансиско управување и контрола,
- одредување и остварување на целите на субјектот и изготвување и реализација на стратешките и други планови, како и програми за остварување на општите и посебните цели на субјектот,
- воспоставување организациска структура и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола,
- воспоставување на линија на известување во согласност со пренесените овластувања и одговорности,
- компетентност на сите вработени за извршување на задачите во согласност со финансиското управување и контрола и
- управување со ризиците и воведување соодветни и ефикасни внатрешни контроли.

(2) Раководителот на субјектот е отчетен за постигнување на целите на субјектот од јавниот сектор преку управување со јавните средства на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

## 4. Одговорност и давање овластување

### Член 8

(1) Раководителот на субјектот може со акт да даде овластување (генерално или посебно) на еден или повеќе раководни лица кои хиерархиски директно му се подредени.

(2) Со актот за овластување може да се даде подовластување.

(3) Актот за овластување или подовластување може да содржи услови за користење на овластувањето.

(4) Врз основа на овластување или подовластување не може да се донесуваат одлуки со значајно политичко или финансиско влијание без претходно одобрување од раководителот на субјектот.

(5) Раководителите на организационите единици во субјектот кои добиле овластување преку делегирање или поделегирање можат да дејствуваат само во рамките на ограничувањата утврдени со актот за делегирање или поделегирање и се одговорни на давателот на овластувањето за користење на овластувањето.

(6) Одлуките од овластувањето се изготвуваат и потпишуваат во име на раководителот на субјектот. Раководителот на субјектот по дадените овластувања продолжува да биде одговорен за сите донесени одлуки вклучувајќи ги и одлуките кои се однесуваат на финансиското управување и контрола.

(7) Министерот за финансии поблиску го пропишува начинот за давање на овластувања.

## 5. Единица за финансиски прашања

### Член 9

(1) Раководителот на субјектот основа посебна организациона единица за финансиски прашања (во натамошниот текст: единица за финансиски прашања) како сектор или одделение, чиј раководител директно одговара на раководителот на субјектот и највисокиот раководен државен службеник.

(2) Единицата за финансиски прашања е надлежна за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола.

(3) Министерот за финансии го пропишува начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања.

## 6. Услови кои треба да ги исполни раководителот на единицата за финансиски прашања

### Член 10

За раководител на единицата за финансиски прашања кај субјектот може да биде назначено лице кое покрај општите услови за вработување утврдени со закон, треба да ги исполнува и следниве услови:

- да има високо образование од областа на економијата,
- да има работно искуство од најмалку три години во областа на финансиите и

- со судска одлука да не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната.

## 7. Надлежности на раководителот на единицата за финансиски прашања

### Член 11

(1) Раководителот на единицата за финансиски прашања спроведува надзор и го советува раководството на субјектот, особено за:

- контрола на буџетот (контрола на подготовката и извршувањето на буџетот),
- ex ante финансиска контрола,
- контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на внатрешното управување и контрола),
- сметководството и
- буџетското и финансиското известување.

(2) Раководителот на единицата за финансиски прашања:

- го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот,
- го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола,
- го координира процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишна сметка и годишниот финансиски извештај од членот 47 на овој закон,
- задолжително дава мислења по предлогот на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлогот на актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот,
- спроведува ex ante и ex post финансиска контрола и
- спроведува заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба.

### Член 12

(1) Раководителот на единицата за финансиски прашања изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола, како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот.

(2) Раководителот на единицата за финансиски прашања, соодветно на потребите и спецификите во работењето на субјектот, може да назначи координатор за финансиско управување и контрола кој оперативно го спроведува и координира воспоставувањето и развојот на финансиското управување и контрола кај субјектот. Координаторот за финансиско управување и контрола не смее да спроведува ex ante и ex post контролни активности.

(3) Лицата задолжени за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола од ставовите (1) и (2) на овој член и лицата задолжени за спроведување на посебни видови контрола од членот 21 став (1) на овој закон, се должни да поминат обука согласно со Програмата за обука за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола која ја донесува министерот за финансии,

како и да соработуваат со Централната единица за хармонизација во Министерството за финансии во врска со воспоставување и развој на финансиско управување и контрола.

(4) Централната единица за хармонизација изготвува и ажурира Прирачник за финансиско управување и контрола кој го одобрува министерот за финансии. Прирачникот за финансиско управување и контрола содржи насоки за начинот на воспоставување и спроведување на финансиското управување и контрола.

## 8. Компоненти на финансиското управување и контрола

### Член 13

(1) Финансиското управување и контрола се спроведува врз основа на меѓународно прифатените стандарди за внатрешна контрола, преку примена на следниве меѓусебно поврзани компоненти:

- контролна средина,
- управување со ризиците,
- контроли,
- информации и комуникации и
- мониторинг.

(2) Министерот за финансии ги објавува во „Службен весник на Република Македонија" меѓународно прифатените стандарди за внатрешна контрола.

## 9. Контролна средина

### Член 14

Контролната средина опфаќа:

- личен и професионален интегритет на раководителите и вработените во субјектот,
- начин на размислување и стил на работење на раководителите,
- организациона структура која обезбедува поделба на одговорностите, хиерархија и јасни правила, права, обврски и нивоа на известување,
- политики и практики на управување со човечки ресурси и
- компетентност на вработените.

## 10. Управување со ризик

### Член 15

(1) Управувањето со ризик опфаќа утврдување, процена и контрола на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите на субјектот заради обезбедување разумно уверување дека целите ќе бидат остварени.

(2) За спроведување на активностите од ставот (1) на овој член, раководителот на субјектот донесува стратегија за управување со ризикот, која се ажурира на секои три години и во случаите кога ризикот значително се менува. Контролите кои се однесуваат на минимизирање на ризикот треба да бидат анализирани и ажурирани најмалку еднаш годишно.

## 11. Контроли

### Член 16

Контролите опфаќаат:

- процедури за овластување и одобрување,
- поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола,
- систем на двоен потпис,
- правила за пристап до средствата и информациите,
- ex - ante и ex post финансиска контрола,
- процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции,
- известување и преглед на активностите - процена на ефикасноста и ефективноста на трансакциите,
- процедури за мониторинг,
- процедури за управување со човечки ресурси и
- правила за документирање на сите трансакции и активности поврзани со активностите на субјектот.

## 12. Информации и комуникации

### Член 17

Информациите и комуникациите опфаќаат:

- утврдување, собирање и распределување, во соодветна форма и временска рамка, доверливи и сигурни информации со кои се овозможува секое одговорно лице да преземе соодветна одговорност,
- ефективна хоризонтална и вертикална комуникација на сите хиерархиски нивоа во субјектот,
- градење соодветен информационен систем за управување со субјектот во смисла вработените да ги знаат јасните и прецизни правила и инструкции за нивната улога и одговорности поврзани со финансиско управување и контрола,
- документација и графички приказ на системот кој содржи правила за подготвување, извршување, пренесување, употреба и архивирање на документи,
- документирање на сите оперативни процеси и трансакции со цел да се обезбеди соодветна ревизорска трага за следење и мониторинг и
- развој на ефективен, навремен и доверлив систем за известување кој вклучува нивоа и крајни рокови за известување, извештаи кои се презентираат на раководителите, форми на известување по откривање на грешки, нерегуларности, злоупотреба, измама или ненаменска употреба на средствата.

## 13. Мониторинг

### Член 18

(1) Со мониторингот се проверува соодветното функционирање на системот за финансиско управување и контрола.

(2) Мониторингот на финансиското управување и контрола особено треба да се одвива преку постојано следење, самопроцени и внатрешни ревизии.

(3) Раководителот на субјектот преку единицата за финансиски прашања во текот на годината врши самопроцена на одделните процеси на системот за финансиско управување и контрола во субјектот со кој раководи, а еднаш во пет години спроведува самопроцена на структурата и функционирањето на целиот систем за финансиско управување и контрола.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, самопроцена може да не се спроведе во одделен организационен дел кај субјектот или за специфичен финансиски процес доколку резултатот од управувањето со ризикот дава добри аргументи за неспроведување на самопроценатa.

(5) Раководителот на единицата за финансиски прашања го информира раководителот на единицата за внатрешна ревизија за резултатите од извршените самопроцени.

(6) Раководителот на субјектот во годишниот финансиски извештај од членот 47 на овој закон, изготвува извештај за самопроцените од ставот (3) на овој член кои биле извршени во соодветната година и за резултатите од самопроцените кои не се целосно позитивни.

(7) Извештајот од ставот (6) на овој член ги содржи коментарите на раководителот на субјектот кои се однесуваат на препораките од самопроцените.

(8) Раководителот на субјектот во годишниот финансиски извештај од членот 47 на овој закон дава мислење за финансиското управување и контрола.

## 14. Принципи на сметководството и финансиското известување

### Член 19

(1) Раководителот на субјектот воспоставува сметководство и финансиско известување кое му обезбедува соодветни информации за да може да го надгледува и да биде одговорен за функционирање на финансиското управување и контрола во рамките на субјектот.

(2) Сметководството се воспоставува и функционира согласно со принципите на регуларност, ефикасност, економичност, проверливост и уредност.

(3) Раководителот на субјектот е одговорен за потврдување на усогласеноста на податоците добиени од трети страни со принципите од ставот (2) на овој член, доколку приходите или расходите зависат од тие податоци.

## 15. Овластено лице за преземање на финансиски обврски, овластено лице за плаќање и благајник

### Член 20

(1) Раководителот на субјектот може да назначи лица овластени за преземање на финансиски обврски, лица овластени за плаќање и благајници.

(2) Едно лице може да врши само една од работите од ставот (1) на овој член и треба да биде хиерархиски независно од другите лица од ставот (1) на овој член.

(3) Министерот за финансии го пропишува начинот на спроведување на општите финансиски процеси.

## 16. Ex-ante и ex-post финансиска контрола

### Член 21

(1) Раководителот на субјектот е одговорен за ex-ante и ex-post финансиската контрола.

(2) За начинот на спроведување на ex ante и ex post контролите одлучува раководителот на субјектот, земајќи ја предвид потребата и спецификите на работењето по спроведените анализи на ризик.

(3) Ex-post финансиската контрола ги обезбедува инструментите за отстранување на откриените неправилности на внатрешните контроли и не треба да се спроведува од лицата кои се одговорни за ex-ante финансиска контрола.

(4) Ex-post контролата вклучува и детекциска контрола која се врши по целосно спроведување на одобрените финансиски одлуки и трансакции со цел за намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите или на ex ante контролите.

## 17. Посебни финансиски обврски

### Член 22

(1) Раководителот на субјектот може да преземе финансиски обврски во пари, материјални средства, имот или права во име на Република Македонија за доделување на субвенции, дотации, парична помош, заеми или гаранции на трета страна и учество во акционерски капитал само доколку тоа е утврдено со закон.

(2) Кога се предлага донесување на закон за преземање на финансиски обврски од ставот (1) на овој член потребна е претходна писмена согласност од министерот за финансии.

II. ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

## 1. Цел, улога и принципи на внатрешната ревизија

### Член 23

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

### Член 24

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови;

б) процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори,

- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации.
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите;

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

**Член 25**

Внатрешната ревизија се спроведува согласно со принципите на законитост, независност, објективност, компетентност, професионалност, интегритет и доверливост.

## 2. Стандарди и методологија за извршување на внатрешната ревизија

**Член 26**

(1) Внатрешната ревизија се извршува во согласност со прифатените стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, овој закон, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, повелбата за внатрешна ревизија и интерните акти на субјектот од јавниот сектор усогласени со овој закон.

(2) Внатрешните ревизори, покрај актите од ставот (1) на овој член, во своето работење имаат обврска да ги применуваат и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори и насоките и Прирачникот за внатрешна ревизија од членот 27 на овој закон.

(3) Стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија се меѓународните стандарди за внатрешна ревизија кои се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" од страна на министерот за финансии.

(4) Министерот за финансии ги пропишува повелбата за внатрешна ревизија и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори.

**Член 27**

Централната единица за хармонизација изготвува и ажурира Прирачник за внатрешна ревизија кој го одобрува министерот за финансии. Со Прирачникот за внатрешна ревизија се утврдува методологијата за работа и извршување на внатрешната ревизија.

## 3. Видови на внатрешна ревизија

**Член 28**

Внатрешната ревизија опфаќа:

а) финансиска ревизија;

б) ревизија на усогласеност (регуларност);

в) ревизија на системите за внатрешна контрола;

г) ревизија на успешност во работење (извршување) и

д) ИТ ревизија.

## 4. Опфат и организација на внатрешната ревизија

### Член 29

(1) Внатрешна ревизија се спроведува во сите организациони структури, програми, активности и процеси кај субјектите од јавниот сектор.

(2) Единицата за внатрешна ревизија се основа како одделение со најмалку два внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на одделението за внатрешна ревизија, односно како сектор со најмалку пет внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на секторот за внатрешна ревизија.

### Член 30

(1) Единица за внатрешна ревизија задолжително се основа во:

- Собранието на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, министерствата, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија.

(2) Единица за внатрешна ревизија задолжително се основа и во сите субјекти од јавниот сектор чиј просечен годишен буџет/финансиски план во последните три години го надминува износот од 50 милиони денари.

(3) Субјектот од јавниот сектор чиј просечен годишен буџет/финансиски план во последните три години не го надминува износот од 50 милиони денари внатрешната ревизија се организира со ангажирање на:

- внатрешен ревизор/и од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор, врз основа на договор склучен меѓу раководителите на двата субјекти од јавниот сектор или

- ревизор/и наведени во регистарот на внатрешни ревизори од членот 48 алинеја 7 на овој закон.

(4) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии врз основа на спроведена процена на ризикот може да утврди обврска за основање единица за внатрешна ревизија и кај други субјекти од јавниот сектор.

### Член 31

(1) Раководителот на субјектот од јавниот сектор основа единица за внатрешна ревизија согласно со следниве критериуми:

- со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од ЕУ,

- со најмалку три внатрешни ревизори и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 500 милиони денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од ЕУ,

- со најмалку четири внатрешни ревизори и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од ЕУ и

- со најмалку еден внатрешен ревизор на секои пет единки буџетски корисници.

(2) Минималниот број на вработени во единицата за внатрешна ревизија од ставот (1) на овој член не ги опфаќа ревизорите на обука од членот 36 став (4) на овој закон.

**Член 32**

(1) Единицата за внатрешна ревизија спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, единките корисници, сите структури, програми, активности и процеси, вклучувајќи ги и оние на корисниците на средства од ЕУ фондовите, како и кај правните и физички лица со кои субјектот кај кој се врши внатрешна ревизија има деловни односи и кои користат јавни средства.

(2) Единицата за внатрешна ревизија, во субјектот кој е одговорен за управување со меѓуресорските програми/проекти, ја координира работата на единиците за внатрешна ревизија на субјектите од јавниот сектор кои учествуваат во спроведувањето на програмите/проектите.

## 5. Организациска, професионална и функционална независност на единицата за внатрешна ревизија

**Член 33**

(1) Единицата за внатрешна ревизија е организациски и функционално независна и директно и единствено одговорна на раководителот на субјектот од јавниот сектор.

(2) Функционалната независност на единицата за внатрешна ревизија се обезбедува преку нејзината независност од другите организациони делови на субјектот во планирањето на работата, извршувањето на внатрешната ревизија и известувањето.

(3) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори се независни при извршувањето на внатрешната ревизија, која ја извршуваат стручно и професионално применувајќи методологија заснована на меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, принципите и правилата за однесување утврдени со Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори, како и насоките или упатствата од министерот за финансии.

(4) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори не треба да извршуваат задачи на финансиско управување и контрола и други задачи во субјектот што не произлегуваат од функцијата на внатрешната ревизија.

(5) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори не можат да бидат отпуштени или прераспоредени на друго работно место заради известување за одредени состојби или давање на одредени препораки.

(6) Пред да бидат преземени дисциплински мерки, прераспоредување или отпуштање на раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори, раководителот на субјектот од јавниот сектор е должен за тоа да ја извести Централната единица за хармонизација и да ја приложи потребната документација.

(7) Прераспоредувањето или отпуштањето на раководителот на единицата за внатрешна ревизија или внатрешните ревизори се реализираат по добивање на писмена согласност од министерот за финансии.

**Член 34**

(1) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија е надлежен директно да го известува раководителот на субјектот од јавниот сектор за сите ревизорски прашања кај субјектот од јавниот сектор, а особено за:

- регуларноста, ефективноста и ефикасноста на извршувањето на буџетот/финансискиот план,
- регуларноста и ефикасноста на внатрешната финансиска контрола, вклучително и управувањето со средствата и
- усогласеноста на сметководствените извештаи за извршување на буџетот/финансискиот план со сметководствените стандарди.

(2) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија дава мислења за внатрешните правила и акти на субјектот од јавниот сектор во врска со прашања поврзани со внатрешната финансиска контрола и внатрешната ревизија пред овие правила и акти да влезат во сила.

(3) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија ги советува сите раководни лица во субјектот од јавниот сектор за управувањето со ризик.

## 6. Услови кои треба да ги исполни раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори

**Член 35**

(1) За раководител на единицата за внатрешна ревизија може да се назначи:

- овластен внатрешен ревизор кој ги исполнува условите од членот 36 став (2) алинеи 1, 2 и 4 од овој закон и
- има најмалку три години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија.

(2) За раководител на единицата за внатрешната ревизија не може да биде назначено лице чиј брачен другар, роднина во права линија без ограничување, во странична линија до четврто колено или врз основа на брак до четврт степен се или биле вработени на раководно работно место во субјектот од јавниот сектор во претходните две години.

(3) За околностите од ставот (2) на овој член, раководителот на субјектот треба да биде известен писмено од кандидатот за работното место раководител на единицата за внатрешна ревизија за време на назначувањето.

**Член 36**

(1) Овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори ги назначува раководителот на субјектот од јавниот сектор.

(2) За овластени внатрешни ревизори можат да бидат назначени лица кои покрај општите услови утврдени со закон ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- да имаат завршено високо образование,
- да поминале обука и положиле испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат,
- да имаат најмалку две години работно искуство во внатрешната или надворешната ревизија и
- со судска одлука да не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната;

(3) За внатрешни ревизори можат да бидат назначени лица кои покрај општите услови утврдени со закон ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- да имаат завршено високо образование,
- да имаат две години работно искуство во внатрешната или надворешната ревизија и
- со судска одлука да не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната.

(4) За внатрешни ревизори на обука може да бидат вработени лица кои покрај општите услови утврдени со закон ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- да имаат завршено високо образование и
- со судска одлука да не им е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната.

(5) По истекот на периодот од две години, ревизорот на обука се назначува за внатрешен ревизор.

(6) Обуката од ставот (2) алинеја 2 на овој член ја координира Централната единица за хармонизација.

## 6-а. Услови и начин на спроведување на обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор

### Член 36-а

(1) Обука и испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор (во натамошниот текст: обука и испит) може да посетуваат, односно полагаат лица со завршено четиригодишно високо образование VII/1 со работа од најмалку две години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во субјектите од јавниот сектор.

(2) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат и лица со завршено четиригодишно високо образование VII/1 со работа од најмалку три години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во трговски друштва и други правни лица и здруженија на граѓани.

(3) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат лица кои завршиле високо образование од областа на економијата или бизнисот кои студирале според Болоњската декларација и имаат 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку една година на внатрешната или надворешната ревизија во субјектите од јавниот сектор.

(4) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат и лица кои завршиле високо образование од областа на економијата или бизнисот кои студирале според Болоњската декларација и имаат 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку две години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во трговски друштва и други правни лица и здруженија на граѓани.

(5) Времето поминато на практика заради стручно оспособување во единиците за внатрешна и/или надворешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор, трговските друштва и други правни лица и здруженија на граѓани, во согласност со закон, во однос на условите за полагање на испитот се смета како време поминато на работа во тие субјекти.

(6) Кандидатите кои успешно поминале обуката и ги положиле дел од соодветните модули во рамките на испитот за меѓународно признат CIPFA ревизорски сетификат за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор им се признаваат за положени, а во рамките на овој испит ги полагаат неположените модули и по нивното положување им се издава уверение од членот 36-н од овој закон.

**Член 36-б**

(1) Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за финансии за секоја фискална година донесува програма за спроведување обука и испит за овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор во која се дефинираат основните елементи на програмата меѓу кои особено бројот на кандидати, финансирањето од Буџетот на Република Македонија и финансирањето од кандидатите учесници.

(2) Министерството за финансии врз основа на програмата од ставот (1) на овој член, во два дневни весника од кои еден на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од заедниците, објавува оглас за пријавување на учесници во програмата.

(3) Барањето за обука и полагање испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор кандидатот го поднесува до Министерството за финансии.

(4) Со барањето за обука и испит кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор пропишани со овој закон.

(5) Кандидатот од ставот (4) на овој член, посетува петдневна воведна обука и полага елиминационен тест од областа на сметководството.

(6) Обуката и тестирањето од ставот (5) на овој член ја спроведува едукаторот за модулот сметководство.

(7) Кандидатот кој го положил елиминациониот тест од ставот (5) од овој член, со министерот за финансии потпишува договор за обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(8) По потпишувањето на договорот од ставот (7) на овој член кандидатите добиваат идентификационен број, распоред за периодите за одржување на обуките и распоред на датумите за одржување на испитите изготвени врз основа на програмата од членот 36-г став (1) од овој закон.

### Член 36-в

Испит може да полагаат лицата кои ќе присуствуваат на најмалку 80% од организираните часови за обуки за секој модул одделно.

### Член 36-г

(1) Обуката и испитот се спроведуваат според програма за содржината на модулите и роковите во кои се спроведуваат обуките и испитите.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член ја донесува министерот за финансии.

(3) Врз основа на програмата од ставот (1) на овој член, министерот за финансии одобрува прирачници за секој модул одделно.

### Член 36-д

(1) Обуката и испитот се состојат од четири модули, и тоа:

- правен систем, јавни финансии, сметководство во јавниот сектор, јавни набавки, државни и јавни службеници и заштита на информации,
- основи на внатрешната ревизија,
- сметководство и финансиско известување во јавниот сектор и
- управувањето и контролата.

(2) Првите три модули се полагаат писмено со одговарање на определен број прашања, а четвртиот модул се состои од опис на индивидуален случај за управување со ризици и воспоставување на внатрешна контрола во одреден субјект (студија на случај).

(3) За секој модул се организира десетдневна обука која ја спроведуваат лица со знаење и искуство од соодветниот модул од ставот (1) на овој член - едукатори.

### Член 36-ѓ

(1) Едукаторите од членот 36-д став (3) од овој закон изготвуваат база од најмалку 200 прашања и одговори за првиот модул од испитот, а за вториот и третиот модул најмалку 200 примери на задачи и одговори.

(2) Прашањата од ставот (1) на овој член ги верификува Комисија формирана од министерот за финансии составена од:

- еден универзитетски професор од областа на сметководството и ревизијата,
- двајца раководни државни службеници од Министерството за финансии и
- две лица кои поседуваат сертификат за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања од ставот (1) на овој член најмалку двапати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата од ставот (2) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базата од ставот (1) на овој член.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базата на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата од базата од ставот (1) на овој член да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.

(6) Едукаторите и членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за финансии.

(7) Годишниот износ на паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува износот на две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година, објавен од Државниот завод за статистика.

### Член 36-е

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за финансии, за што министерот за финансии определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано на јавен оглас од Министерството за финансии.

(2) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за финансии донесува решение.

### Член 36-ж

(1) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првата наредна сесија од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(2) Кандидатот од ставот (1) на овој член е должен најдоцна осум дена пред одржување на испитот, преку електронска пошта да го пријави учеството на испитот.

### Член 36-з

(1) Испитот се полага во просторија опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за финансии и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо и се емитува на веб страницата на Министерството за финансии, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за финансии.

(4) Правното лице кое го спроведува испитот треба да исполнува просторни услови и материјално-техничка и информатичка опрема на просториите за полагање на испитот, кои услови поблиску ги пропишува министерот за финансии.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за финансии донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за финансии најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитот.

**Член 36-ѕ**

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот, претставникот од Министерството за финансии го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на испитот му се дозволува користење само на калкулатор и пенкало.

(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот од членот 36-з став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Лицата од членот 36-з став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на испитот постапува спротивно од ставовите (2) и (3) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој термин и му се изрекува забрана за полагање на испитот во траење од три години, за што Министерството за финансии донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(8) Во случаите од ставот (4) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот за тој модул и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

**Член 36-и**

(1) Испитот се одржува со полагање на првите три модули одделно по спроведената обука за секој модул.

(2) Четвртиот модул се полага со доставување на студија на случај во рок од 15 дена по спроведената обука за овој модул.

(3) Обуката за секој модул е задолжителна. Положувањето на претходен модул не е услов за обука и полагање на нареден модул.

(4) Кандидатот кој нема да го положи испитот во првиот испитен рок има право да го полага во наредните два дополнителни рокови.

**Член 36-ј**

(1) Првиот модул од испитот содржи 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Вториот и третиот модул од испитот содржат пет задачи од кои првата задача е задолжителна, а од останатите четири кандидатот избира три.

(3) Четвртиот модул е изработка на студија на индивидуален случај за управување со ризици и воспоставување на внатрешна контрола во субјект по избор на кандидатот.

**Член 36-к**

(1) Полагањето на првиот модул од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот и третиот модул од испитот се врши со решавање на задачите од членот 36-ј став (2) од овој закон.

(4) Вреднувањето на решенијата од вториот и третиот модул го вршат едукаторите согласно со поени утврдени во задачата, а за четвртиот модул согласно со упатство објавено на веб страницата на Министерството за финансии.

(5) Полагањето на четвртиот модул од испитот се врши со доставување студија на случај.

(6) Базата на прашања и одговори за полагање на првиот модул се чува во единствениот електронски систем за полагање на испитот во Министерството за финансии и е јавно достапна, а примери на задачи и одговори се објавуваат на веб страницата на Министерството за финансии и се јавно достапни.

(7) Бројот на прашања во базата од ставот (6) се зголемува за 10% годишно.

(8) Резултатите од полагањето на првиот модул на испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(9) По спроведениот елиминационен тест на кандидатите од членот 36-б став (5) од овој закон и спроведениот испит од вториот и третиот модул, овластените претставници од Министерството за финансии од членот 36-з став (5) од овој закон, тестот и одговорите на задачите веднаш скенирани ги доставуваат електронски до одговорното лице од членот 36-е став (1) од овој закон.

(10) Резултатите од полагањето на сите модули на испитот по идентификациски броеви се објавуваат на веб страницата на Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на одржувањето на испитот.

**Член 36-л**

(1) На денот на полагањето на првиот модул од испитот, претставникот на Министерството за финансии му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 36-к од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 36-к став (6) од овој закон.

(3) Првиот, вториот и третиот модул од испитот, содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Министерството за финансии дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот модул од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

(5) Министерството за финансии го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на испитот.

**Член 36-љ**

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот модул од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

**Член 36-м**

(1) Вкупното време определено за одговарање на прашањата од тестовите за полагање на првиот модул изнесува 120 минути.

(2) Вкупното време определено за одговарање на прашањата и задачите од тестот за полагање на вториот и третиот модул изнесува 180 минути.

(3) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 50% од вкупниот број предвидени поени.

**Член 36-н**

(1) На кандидатите кои ги положиле сите четири модули им се издава уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 36-њ**

На барање на кандидатот, Министерството за финансии овозможува непосреден увид на резултатите од испитот.

**Член 36-о**

(1) Трошоците за полагање на испитот и на поправниот дел од испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за финансии врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот, вториот и третиот модул од испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за финансии.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за финансии, пред денот определен за почеток на испитот, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

**Член 36-п**

(1) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и задачите за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за финансии.

(2) Министерот за финансии формира Комисија за ревизија на одржаните испити за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (1) на овој член. Во Комисијата за ревизија, покрај другите членови, задолжително членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 36-а од овој закон, но не порано од денот на примената на овој закон, за што доставува извештај до Министерството за финансии.

(4) На членовите на комисијата од ставот (2) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за финансии донесува решение.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примената на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор од страна на поединци во смисла на членот 36-ѕ став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 36-н од овој закон.

(7) Министерството за финансии донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (6) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

## 7. Права на внатрешните ревизори

### Член 37

Внатрешниот ревизор ги има следниве права:

- да влезе во просториите на субјектот од јавниот сектор каде што се врши ревизија, имајќи ги предвид правилата за безбедност и добро однесување,

- да има пристап до соодветните документи поврзани со ревизијата кај субјектот од јавниот сектор, како и документите кои содржат податоци со соодветен степен на тајност и други документи и податоци што се чуваат во електронска форма, придржувајќи се на прописите за заштита на класифицирани информации и на лични податоци. Да бара заверени копии, изводи или потврди од овие документи и во одредени случаи да ги земе оригиналните документи, оставајќи копија со потврда за прием,

- да бара усна или писмена информација од кој било вработен или раководител во субјектот од јавниот сектор во кој се врши ревизија,

- да бара информации од кој било носител на информации во субјектот од јавниот сектор и

- да бара информации од други институции во врска со работењето и управувањето со субјектот од јавниот сектор во кој се врши ревизија.

## 8. Конфликт на интереси

### Член 38

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија, односно внатрешниот ревизор не треба да учествува во ревизија доколку постои некој од следниве видови конфликти на интереси:

- во текот на претходната година, раководителот на единицата за внатрешна ревизија, односно ревизорот бил вработен во организационата единица на субјектот од јавниот сектор во која се врши ревизија,

- во текот на претходната година раководителот на единицата за внатрешна ревизија, односно ревизорот, неговиот брачен другар или роднина до втор степен раководел во субјектот од јавниот сектор во кој се врши ревизија,

- раководителот на единицата за внатрешна ревизија, односно ревизорот, неговиот брачен другар или роднина до втор степен имаат удел или акции во субјекти кои користат средства што претставуваат државни расходи, а истите имаат деловни односи со субјектите од јавниоот сектор во кои се врши ревизија и

- постојат други околности кои можат да доведат до конфликт на интереси по оцена на раководителот на единицата за внатрешна ревизија за што тој дава образложение во писмена форма.

**Член 39**

Раководителот на субјектот од јавниот сектор, односно раководителите и вработените во субјектот од јавниот сектор во кој се врши ревизија ги имаат следниве обврски:

- да помагаат и соработуваат за време на ревизијата,
- да обезбедуваат усни или писмени информации, изјави на барање на ревизорот, пристап до документите, електронските бази или кој било носител на информации,
- да доставуваат заверени фотокопии од бараните документи, како и да ги доставуваат бараните оригинални документи со потврда за прием на истите,
- на барање на ревизорот, да дадат изјава за комплетноста на документите и податоците,
- врз основа на ревизорските наоди и препораки, да изготват и достават до раководителот на единицата за внатрешна ревизија акционен план за спроведување на препораките, во кој се утврдуваат одговорните лица и крајните рокови за преземање на неопходните мерки во рамките на нивните надлежности,
- да ги спроведат препораките и да го информираат раководителот на субјектот од јавниот сектор и раководителот на единицата за внатрешна ревизија за спроведувањето на акциониот план и
- да обезбедат соодветни услови за работа на ревизорите.

## 9. Планирање на внатрешната ревизија

**Член 40**

(1) Внатрешна ревизија се извршува врз основа на:

- стратешки план за период од три години,
- годишен план и
- план за поединечна ревизија.

(2) Стратешкиот и годишниот план за извршување на внатрешна ревизија ги донесува раководителот на единицата за внатрешна ревизија по добиена согласност од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршената процена на ризиците.

(3) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија за секоја поединечна ревизија одобрува план и програма со која поконкретно се опишуваат ревизорските постапки.

(4) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија најдоцна до 15 декември во тековната година ги доставува стратешкиот план за наредните три години и годишниот план за ревизија за наредната година до Централната единица за хармонизација и до раководителите во организационите единици на субјектите од јавниот сектор опфатени со годишниот план.

## 10. Измена на годишниот план за ревизија

**Член 41**

(1) Годишниот план за ревизија може да се измени доколку дојде до значителна промена на проценетиот ризик или планираните ресурси при изготвување на годишниот план.

(2) За измената на годишниот план раководителот на единицата за внатрешна ревизија ја известува Централната единица за хармонизација.

### 11. Извршување на внатрешната ревизија

### Член 42

(1) Ревизијата се извршува со утврдување, анализирање, процена и документирање на податоците, доволни за давање на стручно мислење за поставените цели.

(2) Раководителот на единицата за внатрешна ревизија во согласност со раководителот на субјектот од јавниот сектор може да ангажира и експерти кои ќе помагаат при извршувањето на внатрешната ревизија во одделни области.

(3) За секоја извршена внатрешна ревизија се изготвува ревизорски извештај кој содржи резиме, цели и опфат на ревизијата, наоди, заклучоци и препораки.

(4) Министерот за финансии ги пропишува начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот за известување за ревизијата на субјектот од јавниот сектор.

### 12. Посебни ревизорски правила кај субјектот од јавниот сектор

### Член 43

(1) Единицата за внатрешна ревизија може да изготви сопствен додаток на Прирачникот за внатрешна ревизија од членот 27 на овој закон, доколку има специфичности во работењето.

(2) Додатокот на Прирачникот од ставот (1) на овој член се доставува до Централната единица за хармонизација.

## IV. КОМИТЕТИ ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

### 1. Комитет за финансиско управување и контрола

### Член 44

(1) Министерот за финансии формира Комитет за финансиско управување и контрола како консултативно тело, за прашања поврзани со финансиското управување и контрола.

(2) Во Комитетот за финансиско управување и контрола можат да членуваат раководителите на единиците за финансиски прашања на министерствата. Со комитетот претседава државниот секретар на Министерството за финансии, а секретар е раководителот на Централната единица за хармонизација.

(3) Комитетот за финансиско управување и контрола се состанува најмалку еднаш во три месеца, а во случај на итност претседателот може да свика вонреден состанок.

(4) Комитетот за финансиско управување и контрола донесува деловник за работа.

### 2. Ревизорски комитет

### Член 45

(1) Министерот за финансии формира Ревизорски комитет, како консултативно тело за прашања поврзани со внатрешната ревизија.

(2) Во Ревизорскиот комитет може да членуваат раководители на единиците за внатрешна ревизија, односно внатрешните ревизори од министерствата. Со комитетот претседава државниот секретар на Министерството за финансии, а секретар е раководителот на Централната единица за хармонизација.

(3) Ревизорскиот комитет се состанува најмалку еднаш во три месеца, а во случај на итност претседателот може да свика вонреден состанок.

(4) Ревизорскиот комитет донесува деловник за работа.

**Член 46**

Во субјектите од членот 4 на овој закон можат да се формираат комитети за финансиско управување и контрола и ревизорски комитети.

V. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**Член 47**

(1) Раководителот на буџетскиот корисник од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (освен Државниот завод за ревизија), фондовите и општините и градот Скопје е должен до Централната единица за хармонизација да достави годишен финансиски извештај најдоцна до 10 мај во тековната година за претходната година.

(2) Годишниот финансиски извештај особено содржи:

- извештај за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ),
- извештај за реализирани програми, проекти и договори,
- годишни сметки или консолидирана годишна сметка,
- извештај за спроведените самопроцени од членот 18 ставови (3) и (8) на овој закон (резултати од самопроцените кои не се целосно позитивни, коментари на раководителот на субјектот кои се однесуваат на препораките од самопроцените и мислење за финансиското управување и контрола),
- изјава за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли,
- извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола и
- извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија.

(3) Министерот за финансии поблиску ја пропишува формата и содржината на извештаите од ставот 2 алинеи 1, 2, 4, 6 и 7 и изјавата од ставот 2 алинеја 5 на овој член.

VI. ЦЕНТРАЛНА ЕДИНИЦА ЗА ХАРМОНИЗАЦИЈА

**Член 48**

Централната единица за хармонизација е надлежна за:

- подготовка на закони и подзаконски акти од подрачјето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија,
- изготвување на методологија и стандарди за работа за финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија,
- координирање на обуки за раководителите и вработените вклучени во финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија,

- координација при воспоставувањето и развојот на системот на внатрешна финансиска контрола,
- воспоставување и одржување база на податоци за единиците за внатрешна ревизија и донесените повелби,
- воспоставување и одржување регистар на овластени внатрешни ревизори кои го положиле испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор и поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат,
- соработка со институции одговорни за прашања од јавната внатрешна финансиска контрола од земјата и странство и размена на информации за развој на јавната внатрешна финансиска контрола,
- супервизија на квалитетот на системот на финансиско управување и контрола,
- супервизија на квалитетот на работењето на единиците за внатрешна ревизија,
- изготвување на годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола врз основа на годишните финансиски извештаи од членот 47 на овој закон кој Министерството за финансии го доставува до Владата на Република Македонија, најдоцна до крајот на јули тековната година за претходната година и
- организирање на ad hoc ревизии кои ги извршуваат внатрешни ревизори од одделни субјекти од јавниот сектор, за ревизии кај кои предметот на ревизија го надминува опфатот, односно надлежноста на одделниот субјект од јавниот сектор или предметот на ревизија е од таква природа што мултидисциплинарниот приод на внатрешната ревизија е покорисен. Наодите и препораките кај овој вид на ревизија ќе бидат дискутирани со ревидираните субјекти и конечниот извештај доставен до инволвираните субјекти.

**Член 49**

(1) Раководителот на субјектот е должен да обезбеди пристап на вработените од Централната единица за хармонизација до документите, сметководствената евиденција и другите информации потребни за следење на функционирањето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

(2) Пристапот од ставот (1) на овој член се обезбедува по добиено писмено овластување од министерот за финансии.

## VII. ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

**Член 50**

(1) Раководителот на субјектот од јавниот сектор има обврска да го спречува ризикот од неправилности и измами и да презема дејствија против неправилности и измами.

(2) Раководителот на субјектот од јавниот сектор назначува лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција и самостојно ги презема мерките од ставот (5) на овој член.

(3) Сите вработени вклучувајќи ги и внатрешните ревизори ги известуваат раководителот на субјектот од јавниот сектор и лицето задолжено за неправилности, за неправилностите или сомнежите за измами или корупција.

(4) Ако внатрешниот ревизор има сомнеж за измама или корупција во текот на извршувањето на ревизијата, за тоа го известува раководителот на единицата за внатрешна ревизија кој има обврска да достави писмено известување до раководителот на субјектот од јавниот сектор и лицето задолжено за неправилности.

(5) По добиеното известување за постоење на неправилности или сомнеж за измами или корупција, лицето задолжено за неправилности ги презема потребните мерки и за тоа ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција и финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.

(6) Ако лицата од ставот (3) на овој член не бидат известени за соодветно преземените мерки, тие за тоа ги известуваат органите од ставот (5) на овој член. Централната единица за хармонизација не е надлежно тело за пријавување на неправилности и измами.

(7) На вработените вклучувајќи ги и внатрешните ревизори кои пријавиле неправилност или сомнеж за измама им се обезбедува заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос врз основа на закон.

(8) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии ја пропишува постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите.

**Главата: VIII. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ и членот 51 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ" бр.188/13).**

## IX. КОНТРОЛА НА КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ

### Член 52

(1) Субјектите кои користат средства од фондовите на Европската унија се должни покрај одредбите од овој закон, да ги имаат предвид и да ги применуваат посебните услови за финансиското управување, внатрешните контроли и внатрешна ревизија, утврдени од Европската комисија.

(2) Сите корисници на средства од фондовите на Европската унија треба да им овозможат на овластените службени лица од Министерството за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариите, средствата и персоналот имајќи ги предвид правилата за безбедност и добро однесување.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 53

За сторен прекршок на раководителот на субјектот ќе му се изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност, ако:

1) не основа сектор/одделение за финансиски прашања (член 9);

2) преземе финансиска обврска за доделување на субвенција, заем или гаранција на трета страна или учество во акционерски капитал која не е утврдена со закон (член 22 став (1)) и

3) не достави годишен финансиски извештај до Централната единица за хармонизација (член 47).

## Член 54

За сторен прекршок на раководителот на субјектот од јавниот сектор ќе му се изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност, ако:

1) не основа единица за внатрешна ревизија (членови 30 и 31);

2) прераспореди или отпушти раководител на единица за внатрешна ревизија или внатрешен ревизор без претходно добиено писмено одобрение од министерот за финансии (член 33 став (7));

3) одговорно лице или вработен во субјектот од јавниот сектор во кој се врши внатрешна ревизија не ги исполни обврските од членот 39 на овој закон;

4) не обезбеди пристап на вработените од Централната единица за хармонизација до документите, сметководствената евиденција и други информации потребни за следење на функционирањето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија (член 49);

5) не ги преземе потребните дејствија против неправилности и измами (член 50 став (1));

6) не назначи лице задолжено за неправилности (член 50 став (2));

7) на вработен или внатрешен ревизор не обезбеди заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос во случај на известување за неправилности, сомнеж за измама или корупција (член 50 став (7)) и

8) не овозможи на овластените службени лица од Министерството за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариите, средствата и персоналот (член 52 став (2)).

## Член 54-а

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-е став (1) од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за финансии и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за финансии.

(2) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе се казни одговорното лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот од членот 36-е став (1) од овој закон, кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(3) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-з став (7) од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(4) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 36-з став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2) и (3) и од членот 36-ѕ од овој закон.

(5) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 36-ѕ ставови (2) и (3) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-ѕ ставови (4) и (5) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-ѕ став (6) од овој закон.

(8) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 36-п став (2) од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за финансии.

**Член 55**

(1) За прекршоците од членовите 53, 54 и 54-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) Барање за покренување на прекршочна постапка до надлежен суд поднесува Министерството за финансии- Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор.

(3) За прекршоците утврдени со овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се спроведува постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 56**

(1) Подзаконските прописи од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од ставот 1 на овој член ќе се применуваат подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" број 22/2007) и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004 и 22/2007).

**Член 57**

(1) Раководителот на субјектот ќе назначи раководител на единицата за финансиски прашања од членот 9 на овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Раководителот на единицата за финансиски прашања, во согласност со раководителот на субјектот, ќе донесе план за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола од членот 12 став (1) на овој закон, во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Раководителот на субјектот ќе назначи лице задолжено за неправилности во согласност со членот 50 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 58**

Субјектите од јавниот сектор се должни да воспостават внатрешна ревизија во согласност со членовите 30 став (3) алинеја 2 и 31 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 59**

Одредбите од членовите 30 став (3) алинеја 2 и 36 став (2) на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2011 година.

**Член 60**

Одредбите од членот 51 на овој закон ќе важат до уредувањето на работењето на финансиската инспекција во јавниот сектор со посебен закон.

**Член 61**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" број 22/2007) и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004 и 22/2007).

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола***
***(„Службен весник на РМ" бр.188/13)***

**Член 9**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Одредбата од членот 35 став (1) алинеја 1 од овој закон ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

* Во членот 10 датата **„1 јануари 2017 година"** се заменува со датата **„1 јануари 2018 година"**, види: член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" број 192/15)

**Член 11**

Единствениот електронски систем за полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор се воспоставува најдоцна до денот на примената на овој закон.

**Член 12**

Започнатите постапки за полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор до денот на започнувањето на примена на одредбите за полагање на испит од овој закон, ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 5 со кој се додаваат членовите 36-а, 36-б, 36-в, 36-г, 36-д, 36-ѓ, 36-е, 36-ж, 36-з, 36-ѕ, 36-и, 36-ј, 36-к, 36-л, 36-љ, 36-м, 36-н, 36-њ, 36-о и 36-п ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола**
**(„Службен весник на РМ" бр.192/15)**

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.64/2016**
**("Службен весник на РМ" бр.147/17)**

1. СЕ УКИНУВА член 30 став 1 во делот „Агенција за државни службеници" и член 48 алинеја 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".